

Светиот апостол Петар;
детаљ од мозаикот на Христовото Преображение
во манадтирот Дафне од 11 век



Уводник / Ако некој Го сака Бога/ 4


Свети Апостоли / Петар и Павле (6)

Идејата за приматот / А. Шмеман


Огледало/ Нормативна реедукација / Струмички Митрополит Наум

ипоѓакон Григориј

Евтаназија / Јанко Илковски Vox medici

Што е благодат? Јован Пустиник

Горан Величковски / фиктивно, фиктивно, фиктивно

Тања Битуљану / Балкон

Крстозбор 88

Мали житија 102

М. Домазетовска/ Разговор со Синтезис

Албанска страница / Старец Софрониј



Издава „*Езимит*" ДОО Скопје
*Главен уредник*: монахиња Макрина Поповска
*Редакција/соработници*: Горан Величковски, Јанко Илковски, Калина Трпеска
д-р Јане Коцабашија, Илинденка Петрушева, монах Агатон Апостоловски
Дизајн: *Студиум* Лектор: М. Е. Костова / Печати: 11 Октомври

Министерство
за култура на
Република Македонија

Премин, јули 2004


Премин јули 2004



# ако некој Го сака Бога

Се прават разни комбинаторики во однос на политичкиот мозаик во нашиот регион, како да е Црквата просто едно камче на кое треба да му се најде соодветното место... Од приватните недоразбирања и несогласувања да правиме кавги, издигнувајќи ги на ниво на јавни дебати заради манипулација со јавното мнение, ни стана стил. Забораваме на редоследот по кој се примаат шлаканиците, дека ако не сме се извежбале како рефлекс да го завртиме и десниот (образ), го продолжуваме синџирот на злото, со своите постапки во редицата алки додаваме уште една: уште една нељубов, уште една неизвесност, уште едно тапкање во место за да си го истераме егоизмот...

Не е розево, воопшто.

Да постанеме Христови, првенствено се базира на отсекувањето на сопствената волја. Телото Христово има глава којашто ги координира сите делови (на телото) пооделно, за да може тоа да функционира. Таа глава е Христос, во ликот на епископот. Секој нека се преиспита себеси на кое место од телото се наоѓа, и го исполнува ли Христовиот Нов Завет за љубовта: *Нова заповед ви давам... да се љубите еден со друг... и да ги љубите вашите непријатели...*

Отсекувањето на волјата, пак, е неможно надвор од светата тајна покајание и исповед. Притоа, не би било лошо ако веќе ја практикуваме оваа тајна, тоа навистина и да биде - тајна, а не - во своја корист, а на штета на Црквата, ползување со современото, можеби бесмислено, оружје на масовните медиуми - публицитетот. Збунувајќи ги луѓето коишто очекувајќи Црква, гледаат - циркус.

Ги побркавме лончињата. Црквата е местото на човековото спасение, овде и сега, но и во вечноста. Темата е спасението. Гледајќи го човекот како настан на заедница, единственото важно во овој живот е да ја оствариме полнотата на оваа заедница, којашто ни е дарувана во Личноста на Богочовекот Христос.

**Амин.**

„Ако некој мисли дека нешто знае, тој уште ништо не узнал, како што треба да знае. Ако пак, некој Го сака Бога, Бог него го знае“ (1Кор. 8, 2 - 3).

Уредникот